Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 1 вв со член 16 став 1 алинеја 6 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ" бр.102/19), Претседателот на Судскиот совет на Република Северна Македонија распишува

**О Г Л А С**

**за избор на член на Советот од редот на судиите припадници на заедницата која е повеќе од 20% од населението во Република Северна Македонија**

На огласот за избор на член на Судскиот совет на Република Северна Македонија на единствената посебна листа на кандидати на судии може да се јави секој судија кој во моментот на објавувањето на огласот врши судиска функција, кој е од редот на судиите припадници на заедницата која е повеќе од 20% од населението во Република Северна Македонија и ги исполнува условите од членот 11 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ" бр.102/19) :
-да има најмалку шест години судиски стаж,
-да има позитивна оцена во работењето во вршењето на судиската функција, и
-да не му е изречена со правосилна одлука дисциплинска мерка намалување на плата во висина од 15% до 30% од месечната плата која трае во моментот на објавување на огласот.
Кон пријавата кандидатот доставува:
-потврда за судискиот стаж,
-биографски податоци за стручниот и професионалниот развој,
-оцените за резултатите во работењето издадени од Советот,
-податоци за учество во стручна и професионална едукација, издадени од Академијата за судии и јавни обвинители , и
-изјава за која листа се пријавува.
Заинтересираните кандидати, кандидатурата ја поднесуваат писмено до Судскиот совет на Република Северна Македонија, ул. „Македонија" бр.5, Скопје со прилог документи во оригинал или заверена фотокопија на нотар, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на РСМ".

Бр.02-2324/
19.11.2025 година

Судски совет на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р Александар Камбовски